Уп. Бр.08-154/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од БИГ Енергиа Холдингс Кфт., со седиште на 1055 Будимпешта, ул. Марко 7.6 кат8, Унгарија, преку Адвокатско друштво Апостолска Александровски и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 16.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од страна на БИГ Енергиа Холдингс Кфт., со седиште на 1055 Будимпешта, ул. Марко 7.6 кат8, Унгарија над Скај Солар ДОО, Скопје со седиште на ул.Иван Аговски бр.11/1-10 Скопје Република Северна Македонија,преку стекнување на влог, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 21.11.2022 година, а дополнето на 25.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од БИГ Енергиа Холдингс Кфт., со седиште на 1055 Будимпешта, ул. Марко 7.6 кат8, Унгарија, со која БИГ Енергиа Холдингс Кфт., ќе стекне контрола над друштвото Скај Солар ДОО, Скопје со седиште на ул.Иван Аговски бр.11/1-10 Скопје Република Северна Македонија,преку стекнување на влог.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**БИГ Енергиа Холдингс Кфт.,** е во 100% сопственост на БИГ Схоппинг центерс Лтд, кој е холдинг на компании, претежно во дејноста на недвижности со активности во САД, Израел, Србија, Црна Гора и Франција. БИГ Схоппинг центерс Лтд е лидер во изградба и развој на концептот на трговски центри на отворено во Израел, и пошироко. Во изминатите години БИГ Схоппинг центерс Лтд и БИГ Енергиа

Холдингс Кфт., инвестираат во секторот на електрична енергија.

БИГ Енергиа Холдингс Кфт. ги има следните друштва во Република Северна Македонија:

БИГ МЕГА Македонија –Штип Солар Оне ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр.40 кат5 лок.8 Скопје, Република Северна Македонија, регистрирано на 12.10.2022 со основна дејност производство на електрична енергија, XXX[1]

БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со седиште на ул. Ќемал Сејфула бр.7Б Скопје , Република Северна Македонија,

ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје, со седиште на бул.АСНОМ бр.72-1/3, Скопје, Република Северна Македонија,

БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и ЧАШИЦА СОЛАР ДОО не се активни на пазарот, XXX

**Скај Солар** е XXX

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**

[1] Податоците претставуваат деловна тајна